20/1

Врз основа на член 66 став 1 алинеја 10 од Статутот на ЈРП Македонска Радиотелевизија број 01-765/1 од 30.01.2015 година и член 20 став 1 од Закон за поддршка на домашната музичка продукција (Службен весник на РМ бр.119/2013), а во врска со третиот квартален конкурс од 2016 година, објавен на 30.06.2016 година, Директорот на ЈРП Македонска Радиотелевизија Скопје, ја донесе следната:

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 20-122/2
05.01. 2018 год
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА
## ЗА НЕВРШЕЊЕ ИЗБОР НА ИЗВЕДУВАЧИ ОДНОСНО НОВИ КОМПОЗИЦИИ ЗА ТРЕТИОТ КВАРТАЛЕН КОНКУРС ВО 2016 ГОДИНА

### Член 1

Директорот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија Скопје **донесе ОДЛУКА ЗА НЕВРШЕЊЕ ИЗБОР НА ИЗВЕДУВАЧИ, ОДНОСНО НОВИ КОМПОЗИЦИИ во третиот квартален конкурс 2016 година, објавен на 30.06.2016 година, а согласно Законот за поддршка на домашна музичка продукција.**

### Член 2

Одлуката веднаш по донесувањето да се објави на веб страницата на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 3 од Законот за поддршка на домашната музичка продукција, а со цел потикнување на развојот на домашната забавна и народна музика, ЈРП Македонска Радиотелевизија Скопје со средства од Буџетот на Република Македонија, а по пат на конкурс, секоја година ќе финансира создавање на 200 нови комопзиции.

Со Решение број 20-1998/4 од 25.04.2016 година, Директорот на МРТ Скопје утврди Листа од која се избираат членови на Комисија за избор по конкурс за создавање на нови композиции, а согласно Законот за поддршка на домашната музичка продукција.

Врз основа на член 16 од Законот за поддршка на домашната музичка продукција, по случаен избор (лотариски систем) се изврши избор од Листата на членови и со Одлука број 20-6955/2 од 05.10.2016 година на Директорот на ЈРП МРТ беше формирана Комисија за избор по конкурс која ќе учествува во постапка за одлучување по третиот квартален конкурс од 2016 година, објавен во месец Јуни 2016 година.

Комисијата во состав: Тоде Спасовски , Али Бајрам, Арбен Асланај, Сашо Николовски и Силвана Мучиќ-Плевнеш, до Директорот на ЈРП МРТ Скопје достави Извештај со бр.20-6955/4 од 23.11.2016 година за избор на изведувачи односно на нови композиции на конкурсот за третиот квартал (прифатени) и Извештај бр. 20-6955/5 од 23.11.2016 година за избор на изведувачи односно на нови композиции на конкурсот (неприфатени), на конкурсот за третиот квартал.

Комисијата беше благовремено известена пред почетокот на својата работа преку Координаторот на работната група за поддршка на законот во МРТ, дека Извештајот на Комисијата, треба да содржи податоци/докази врз основа на кои Комисијата согласно своите надлежности утврдени во член 17 од Законот за подршка на домашна музичка продукција и Одлуката број 20-6955/2 од 05.10.2016 година на Директорот на ЈРП МРТ, ќе утврди дали

изведувачите ги исполнуваат условите утврдени со законот за категоријата за која изведувачот поднел барање, како и податок/доказ по член 2 став 1 точка 6 од Законот за поддршка на домашна музичка продукција.

Овие докази беа побарани по насоки издадени од Министерството за култура, како задолжителни документи/докази кои треба да бидат прилог кон досието на изведувачот кое се чува во ЈРП МРТ.

Од тие причини, Директорот на МРТ со Известување бр.20-1701/1 од 14.03.2017 година по Извештај за избор на изведувачи односно на нови композиции (прифатени) бр.20-6955/4 од 23.11.2016 година, се обрати до Комисијата за одлучување по третиот квартален конкурс 2016 година со барање да ги разгледа забелешките наведени во овој допис и да постапи согласно надлежностите утврдени со закон и утврдени во Одлуката за избор на комисија за трет квартален конкурс за 2016 година, како и насоките дадени од Министерството за култура, со цел да се исполнат законските обврски и Директорот на МРТ да донесе Одлука за избор на изведувачи која ќе биде заснована на Законот.

Со Одговор на допис бр.20-1701/2 од 24.03.2017 година Комисијата за одлучување по третиот квартален конкурс 2016 година, го извести Директорот на МРТ дека го разгледала дописот Известување бр.20-1701/1 од 14.03.2017 година по Извештај за избор на изведувачи односно на нови композиции (прифатени) бр.20-6955/4 од 23.11.2016 година и постапила по истиот, при што во прилог достави документи само за дел од избраните изведувачи, а се однесуваат на утврдувањето на категоријата во која изведувачите аплицираат и доказот/документот предвиден во член 2 став 1 точка 6 од Законот за поддршка на домашна музичка продукција.

ЈРП МРТ согласно своите законски обврски достави до Владата на Република Македонија и Министерството за култура Годишен извештај за спроведување на Законот за подршка на домашната музичка продукција за 2016 година бр.19-4409/1 од 10.04.2017 година.

Со допис бр. 19-4409/2 од 31.05.2017 година од Министерството за култура се наведува дека согласно Годишниот извештај доставен до Министерството за култура бр.19-4409/1 од 10.04.2017 година „комисиите за вториот и третиот конкурс од 2016 година го направиле изборот на композиции и ги предале извештајите за прифатени и неприфатени композиции до директорот на МРТ и дека одлуките за вториот и третиот квартал не се донесени од директорот на МРТ односно постапката по истите е во тек од причина што комисиите е потребно да ги достават податоците односно доказите по кои ја утврдиле категоријата во која изведувачот аплицирал, како и доказот по член 2 став 1 точка 6 од Законот за поддршка на домашната музичка продукција."

Министерството за култура со дописот број 19-4409/2 од 31.05.2017 година ја извести ЈРП МРТ дека нема можност да изврши распределба на средствата за вториот, третиот и четвртиот квартален конкурс од 2016 година со Буџетот од 2017 година, од причина што средствата за финансирање на композиции избрани на овие конкурси се предвидени преку Програмата за поттикнување на развојот на домашната забавна и народна музика во 2016 година (Сл.весник на РМ бр.2/2016), а дека во Програмата за потикнување на развојот на домашната забавна и народна музика во 2017 година донесена на 17.10.2016 година од Владата на РМ (Сл.весник на РМ бр.192/2016) не се предвидени средства за финансирање на композициите за конкурсите од април, јуни и септември 2016 година.

Врз основа на Дописот од Министерството за култура број 19-4409/2 од 31.05.2017 година и сето погоре наведено, а согласно Законот за поддршка на домашна музичка продукција се констатира дека нема услови Директорот на МРТ да донесе одлука за избор на нови композиции, односно изведувачи во сите категории од третиот квартален конкурс за

2016 година, објавен на ден 30.06.2016 година, па од тие причини, Директорот на МРТ, согласно своите законски овластувања, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ЈРП Македонска радиотелевизија Скопје**